| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Животните наши пријатели |
| **Содржина на денот** | Лево-десно |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Анета Штербинска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | -Утринска гимнстика<br>-Разговор на тема како да се грижам за сопственото здравје во сите годишни времиња.<br>-Вежби за дишење |
| **Активности** | Разговор за деловите на телото,истите ги именуваме и опишуваме и посочуваме која рака е лева,која десна,која нога е лева ,а која десна итн. За подобро воочување кои делови од телото ни се од десна, а кои од лева страна со детето може да се изведе ритмичка игра во која наизменично ги движи левата рака и левата нога, па потоа десната рака и десната нога. Ја демонстрираме активноста на детето за подобро да ја разбере и потоа застануваме во колона. Неколку членови од семејството се од десна страна, а другите членови од семејството од лева страна. Во средина поставуваме сино платно кое претсавува поток во подвижната игра „Прескокни го потокот“-споредуваме што се наоѓа десно од нас, што се наоѓа лево до нас во просторијата. Потоа членовите што се наоѓаат од десната страна треба да го прескокнат потокот и да застанат од неговата лева страна и обратно, се менуваат двете групи наизменично и воедно воочуваат во однос на нивното тело која страна е десна, а која лево. |